**Димитар Апасиев**
Доцент, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип
Правен факултет, Катедра за граѓанско право
dimitar.apasiev@ugd.edu.mk

**УДК.343(37)**

# КРИВИЧНИТЕ СУДЕЊА ПРЕД РИМСКИОТ СЕНАТ ВО ВРЕМЕ НА ИМПЕРАТОРОТ ТИБЕРИЈ

**Апстракт**

Промените во економско-општествената и државна структура на Рим, кои беа извршени во времето на Принципатот (I век пр.н.е. – III век н.е.), односно при преминот од републиканско кон монархиско државно уредување, неминовно се одразија и на римското кривично правосудство. Навистина, и во ова време на т.н. Римско класично право, сѐ уште постоеја остатоци од поранешната когнициска постапка и сѐ уште цветаа постојаните т.н. Квесциони поротни судови (*Quaestiones perpetuae* или *quaestiones ordinariae*) – но, паралелно со нив, во раниот период на Империјата, беа воведени и нови форми на кривични судови. Ние, во рамките на овој труд, поради ограничениот расположлив простор, ќе се задржиме главно на организацијата и јурисдикцијата на римскиот Сенат, како аристократски орган на тогашниот нобилитет, и на судењата кои се одвиваа пред него во овој турбулентен период од римската државно-правна историја – со посебен осврт на дводецениското владеење на вториот принцепс Тибериј (Tiberius / вл. 14–37 год.) кој на престолот дојде по смртта на легендарниот Октавијан Август.

***Клучни зборови**: Сенат, сенатори, конзули, курија, кривични судења.*

**Dimitar Apasiev,** PhD
*Assistant-Professor*
State University "Goce Delcev" – Stip
Faculty of Law, Department of Civil Law
dimitar.apasiev@ugd.edu.mk

# CRIMINAL TRIAL IN FRONT OF THE ROMAN SENATE DURING THE REIGN OF TIBERIUS

**Abstract**
The changes in the social-economic and state structure of Rome, carried out at the time of the Principal (1st century BC – 3rd century AD), i.e. at the transition from republican to monarchial state order, inevitably reflected on the Roman criminal justice. Indeed, at this initial time of the so-called *Roman classical law*, the remains of the former cognition procedure still existed and dominated the so-called *Quaestiones perpetuae* or *Quaestiones ordinariae* (jury courts), but, despite this, in the early period of the Empire, new forms of criminal courts were introduced. In this paper, due to the limited available space, we will focus mainly on organization and jurisdiction of the Roman Senate – as aristocratic state body of the nobility, and the trials that took place in front of it in this turbulent period of Roman state and legal history, with particular regard to the rule of the second emperor Tiberius (ruled 14–37 AD).

***Key words:*** *Senate, senators, consuls, Curia, criminal trials.*

## I. ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА „МЕШОВИТИОТ КРИВИЧЕН СУД“ – Т.Н. КОНЗУЛСКО-СЕНАТСКО ПРАВОСУДСТВО

Познатиот француски рационалист Шарл Луј Монтескје,[1] во неговото капитално дело Духот на законите (1748), причината за промената на

[1] Монтескје (Charles-Louis de Montesquieu / 1689–1755) е познат француски правник, политички филозоф, книжевник и социолог и еден од најпознатите претставници на европското Просветителство. Важи за одличен познавач на римската историја, а има напишано и посебна книга *Размисли за причините за величината на Римјаните и за нивната пропаст* (*Considérations sur les causes de la grandeur des Romains et de leur*

владеењето во римската држава ја лоцира во тоа што **Сенатот** – кој располагаше со еден дел од извршната власт, и магистратите – кои располагаа со нејзиниот друг дел, ја немаа моќта на спречување со којашто, пак, располагаше народот.[2] Од самиот почеток на Принципатот, сенатските седници биле одржувани во новата т.н. *Јулиева курија* (*Curia Iulia*) чија изградба е започната во времето на Цезар, а довршена во време на Август, а истите можеле да се одржат и надвор од градскиот помериум:[3] на пример, во т.н. Помпеева курија (*Curia Pompeia*); потоа во храмот на Белона, во храмот на Аполон и сл. Во периодот на Царството не беше невообичаено и тоа седниците на Сенатот, по исклучок, да бидат одржувани и во домот на еден од актуелните конзули.[4]

Во овој период на породилни болки на римското Царство, гордите римски **сенатори** молкум помогнале да се погреба Републиката, а потоа непрестајно барале и не го наоѓале своето место во системот, бидејќи конечно републиканското уредување падна ничкум пред монархистичкото. Навистина, можеби првиот принцепс Октавијан Август (Augustus / 63 год. пр.н.е. – 14 год. н.е.) не беше самодржец во најавторитарна смисла, но секако дека беше поткопувач, ако не и џелат на Републиката, бидејќи тој го смени моделот на примопредавање на власта – па така, првиот вистински самодржец беше неговиот посвоеник Тибериј (Tiberius / 42 год. пр.н.е. – 37 год. н.е.), за којшто покрај острата критиката упатена кон овој принцепс, римскиот историчар Тацит нѝ дава до знаење дека во негово време „немало телесни казнувања, ниту одземање на имоти... а ако некогаш имало спор со приватни лица, тоа се решаваше на форумот и на суд“.[5] Следната мана на новопечените сенатори во

*décadence* / 1734), која речиси целата е вметната во неговото подоцнежно и најзначајно двотомно дело *Духот на законите*.

[2] *De l'éspirit des lois*, II, 11, 6; Monteskje, *O duhu zakona - Tom I*, Beograd, ZID „Filip Višnjič“, 1989, 184.

[3] *Помериум* е назив за означување на обележаните свети граници на Градот. Според Ливиј, значењето на зборот „помериум“ некои го објаснуваат како post moerium = „простор зад бедемот“, но според него тоа повеќе е circamoerium = „простор од обете страни на бедемот“ којшто некогаш, кога Етрурците основале градови, тоа место го оставале ненаселено т.е. празно, за да не се спојат градбите на луѓето со внатрешниот дел на ѕидините; а, пак, однадвор земјата која се наоѓала непосредно до градските ѕидини не смеела да се обработува.

[4] Žika Bujuklič, *Forum Romanum – Rimska država, pravo, religija i mitologija*, Beograd, Centar za publikacija Pravnog fakulteta u Beogradu & Dosije, 2005, 483.

[5] Tacitus, *Annales*, I, 13. Наведено кај Војислав Саракински, во Предговорот на македонскиот превод на Тацит/Такит, *Анали*, Скопје, Три, 2005, 16 и 18.

периодот на Принципатот, а особено на т.н. *сенатори-педарии,*[6] беше тоа што наместо да го обележат своето време со славни подвизи, тие ја осквернавија оваа епоха со своето гнасно додворување – со тоа што меѓусебно се натпреваруваа да станат и да гласаат за многу срамни и претерани предлози. Се зборувало и дека принцепсот Тибериј, секогаш кога излегувал од Куријата каде што се одржуваа сенатските седници, обично на грчки вака презриво им дофрлал: „О, луѓе спремни да робуваат“! Очигледно и оној кој не ја сакал граѓанската слобода се згрозувал од пројавената подложност, расипаност и ситнодушност на оние кои нему му служеле.[7] За да ја доловиме атмосферата на подлизување кон Принцепсот, накратко ќе ја спомeнеме епизодата со побелениот сенатор Квинт Хатериј, кој занесен во упикувањето и додворувањето кон Тибериј, по завршувањето на една сенатска седница на кое било прочитано писмо од императорот – предложил дека треба одлуките од тој ден „со златни букви да се врежат во Куријата“!? Тоа предизвикало отворен потсмев кон старецот кој толку ниско и приземно се додворувал, што му донело само подбив и јавен срам меѓу присутните.[8]

Во вакви изменети прилики и изгубени републикански вредности, мешовитите **конзулско-сенатски кривични судови** за прв пат ги воведе првиот римски принцепс Октавијан Август, уште на самиот почеток на Принципатот. Имено, конзулите (*consules*) – како виши магистрати cum imperio – беа тие кои ја воделе истрагата и потоа ги свикувале сенатските седници, со кои и претседавале, а на кои всушност се одвивале самите судења.[9] Од формална гледна точка, за римското општество, оваа Августовска одлука не претставуваше нешто којзнае колку ново – оти и порано Сенатот спорадично се јавуваше како *советодавен орган* при вршењето на кривично-правната репресија, а пак конзулите ова овластување принципиелно го имаа од секогаш. Впрочем, римскиот Сенат, во периодот на Империјата, беше познат по својот сервилен однос кон императорите: на пример уште претходно, во 43 год. пр.н.е.,

---

[6] Ова бил погрден прекар за оној вид сенатори кои сè уште не вршеле ни курулски должности и, поради своето неискуство, биле последни на сенаторскиот список (*album denatorium*) кој беше напишан на почесна бела плоча и висел поставен во салата за сенатски седници. Педариите немале право да го изнесуваат своето мислење пред Сенатот, туку можеле само да поддржат и да се придружат кон нечие туѓо сенаторско мислење кое, претходно, веќе било изнесено.

[7] Tac., *Ann.*, III, 65 – Такит, op. cit., 181.

[8] Cf. Tac., *Ann.*, III, 57 – Такит, op. cit., 176.

[9] Постојат записи дека кога принцепсот Тибериј бил подолго отсутен од градот Рим, престојувајќи на островот Капри, конзулите биле задолжени да му праќаат писмени извештаи за сите судски спорови во кои им се судело на сенатори, а овој – уште истиот ден или ноќта – им враќал одговор со инструкции [cf. Tac., *Ann.*, VI, 39].

сенаторите се заколнале дека ќе ги почитуваат сите законски одредби на Јулиј Цезар и на триумвиратите, а оваа заклетва за верност беше обновувана секоја година – сè до времето на Тибериј којшто не допуштил Сенатот да се колне во неговите декрети, иако и тогаш самиот Сенат сметал дека тоа треба да го стори.[10] За истиов овој втор принцепс Тибериј, од каде што дознаваме за влијанието кое го имаше принцепсот врз сенатското правораздавање, Тацит го вели следново:

> *Но тој не се задоволил со сенаторските судски истраги; и на обичните судски расправи седел на крајот на трибуналот [како некој надзорник], за [наводно] да не го истисне преторот од курулското седиште.*[11] *Во негово присуство беа донесувани многу одлуки против непочитувањето на законите и против заговорите на моќните. Но, [на ваков начин] додека се водеше грижа за вистината, се урииваше слободата!*[12]

Покренувањето и **текот на постапката** пред мешовитиот магистратско-аристократски, поточно конзулско-сенатски кривичен суд, зависеле од волјата на конзулите и на сенаторите: конзулите редовно примале *денунцијации* и вршеле *истраги* за пријавените кривични дела; а кога тие сметале дека работата е доволно разјаснета, *свикуваале* седница на Сенатот. Токму пред Сенатот бил вршен главниот *претрес*: се сослушувале излагањата на обвинителот и на обвинетиот и се спроведувала доказната постапка. Кога работата ќе била доволно расправена, Сенатот донесувал *пресуда* која го носела „печатот“ на тоа дека Сенатот во тоа време беше законодавно тело – па оттука сите негови одлуки, издадени во пропишана форма, имаа сила на закон! Затоа и оваа пресуда, донесена во претходно спроведената кривична [конзулско-судска] постапка, за дело коешто го стоил некој од сенаторите, имала правна сила на „посебен закон“ (*lex specialis*). При носењето на пресудата Сенатот не бил врзан за важечките кривични закони – ниту во поглед на казната, ниту во поглед на делото, ниту во поглед на вината – бидејќи, во секој процес in concreto, Сенатот

[10] Cf. Tac., *Ann.*, I, 71 – Такит, op. cit., 77 [ф. 117].

[11] Свечената столица на која седеа римските правосудни магистрати се нарекуваше *курилски стол* (*sella curulis*) и беше сосем едноставен стол на расклопување, без потпирач за грбот, со ногарки од слонова коска и со пурпурно перниче за седење (*pulvinus*), иако во периодот на Царството тие се избработуваа од бронза и од злато. Плутарх називот на овој стол го поврзува со зборот *curvus* => „крив/искривен/заоблен“, алудирајќи на карактеристичниот облик на неговите четири ногарки кои имаа форма на слоновски заби. За разлика од него, странките и нивните полномошници се наоѓаа на подиумот пред магистратот и седеа на поинаков и понизок вид стол наречен subsellium.

[12] Tac., *Ann.*, I, 75: Nec patrum cognitionibus satiatus iudiciis adsidebat in cornu tribunalis, ne praetorem curuli depelleret; multaque eo coram adversus ambitum et potentium preces constituta. Sed dum veritilti consulitur, libertas corrumpebatur… Види: Такит, op. cit., 80.

одлучувал суверено и неприкосновено. Според проф. Пухан, основно раководно начело при носењето на ваквите специјални „сенатски пресуди“, како и при носењето на останатите одлуки, била политичката целисходност.[13]

А, пак, уште од времето на Цезар било востановено да се има интерна евиденција, т.е. еден вид *дневник за работа* на Сенатот (*in actis senatus*) во кој се прибележувале говорите изречени за одредено прашање, односно се воделе **записници** од сенатските седници, кои подоцна почнале и официјално да се издаваат (*acta diurina*). За време на Август овие записи се правеле секојдневно, но истите не биле јавно издавани; додека, пак, Тибериј му го одзел дури и правото на Сенатот самиот да си го избира *записничарот* (*curator actorum senatus*) и одредил тоа да го прави принцепсот.[14]

## II. Јурисдикцијата на Конзулско-сенатскиот кривичен суд – со записи на судски случаи од времето на принцепсот Тибериј

Новиот т.н. Мешовит [конзулско-сенатски] кривичен суд, по правило, не задирал во **надлежноста** на специјалните поротни *квестии* (*quaestiones perpetuae*) – тие и понатаму си важеле како постојани редовни кривични судови за одреден сроден вид на криминалитет.[15] Ова нѐ упатува на заклучокот дека Конзулско-сенатскиот суд само повремено, од случај до случај, земал одредени предмети во работа – да претресе и да пресуди извесни дела кои, поради поширокото значење или поради личноста на деликвентот, биле сметани за особено важни – поради што изискуваа да бидат и посебно пресудувани. Меѓутоа, со тек на времето се развило правилото дека Конзулско-сенатскиот суд може, и покрај надлежноста на редовните квестии, да го пресуди секое кривично дело, а особено секое дело на некој член на Сенатот! Притоа, овој суд не бил врзан за правилата на постапување кои важеа пред квестиите и тој, при евентуалниот судир на надлежности, секогаш имал предност пред квестиите – но, затоа пак, наскоро, му го отстапи своето доминантно место на

---

[13] Ivo Puhan, „Krivični postupak u Rimskom pravu“ (separat iz knjige *Građanski postupak u Rimskom pravu*), Beograd, Naučna knjiga, 1955, 86.

[14] Љубинка Басотова во Белешките при македонскиот превод на Тацитовиот спис *Анали*, Скопје, Три, 2005, 242 [бел. прев. 7].

[15] Бројот на таквите квесциони судови, кон крајот на Републиката, бил околу десетина – а како пример би ги навеле: *Репетундиската квесција* (за пљачкањата во провинциите), *Пекулаторската квесција* (за проневера на државниот имот), *Фалциската квесција* (за лажење, измама и фалсификување), *Амбитуската квесција* (за предизборно подмитување), *Мајестатската квесција* (за велепредавство, непокор и навреда на величието), *Сикариската квесција* (за убиства, труења и магии), *Инјуриската квесција* (за клевета, навреда, принуда и телесни повреди), *Адултериската квесција* (за прељуба, разврат и подведување) и др.

нововостановеното т.н. принцепсово кривично правосудство. Единствено што Сенатот успеа да задржи е апсолутниот приоритет и апсолутната надлежност кога станувало збор за судења во случаите на кривични дела сторени од страна на некој сенатор. Така, конзулско-сенатскиот кривичен суд од генерален, со текот на времето, постана *специјален суд* само за делата сторени од припадниците на Сенатот – т.н. статусен / персонален принцип.[16]

*1. Сенатот како антизаверенички суд – за заштита на државата*

а) Во поглед на останатите кривични постапки кои се одвиваа пред овој Конзулско-сенатски суд, римскиот хроничар Корнелиј Тацит (Publius Cornelius Tacitius / 55?–117) детално нè известува за процесот кој се водел против Либон Друс (Drusus),[17] од фамилијата Скрибонии, кој во I век беше обвинет дека наводно подготвува **преврат** против тогашниот император Тибериј. Всушност, префриганиот сенатор Фирмиј Кат, кој бил близок пријател на Либон, свесно и злонамерно го наведувал младичот на непромисленост и лекоумност. Кога веќе изнашол доволно сведоци и робови против него, преку посредникот Флак Вескуларij, кој бил римски витезин и имал поблиски релации со Тибериј, побарал прием кај принцепсот. Тибериј не ја одбил доставата, но првично не сакал директна средба со доставувачот, а во меѓувреме – прикривајќи го својот гнев – дури и го унапредил Либон со тоа што го одликувал со претура (*praetura*) и срдечно го примал на своите гозби. Но, кога веста за наводната завера пристигнала до алчниот Фулкиниј Трион, тој веднаш го фатил 'виновникот', им се обратил на конзулите и барал истрага пред Сенатот. По ова, уплашениот Либон – облечен во траорна облека и придружуван од многу видни жени, одел од куќа до куќа, ги молел роднините, барал поткрепа од нив против гибелта што му се заканувала; сите го одбивале со разни изговори, плашејќи сè да не ги снајде истото. Сенаторите биле официјално повикани во Куријата, со укажување дека ќе се расправа за многу сериозна и страшна работа. Освен Кат и Трион, како обвинители во случајот настапиле уште и Фонтеј Агрипа и Гај Видиј кои се натпреварувале кому да му се даде последниот збор против обвинетиот. Но, нивните обвиненија биле безумни – на пример, дека наводно обвинетиот се распрашувал кај врачеви дали ќе има доволно средства за да го покрие со пари Апиевиот пат (*Via Appia*) до Бриндизиј!? И другите обвиненија биле слични и безначајни и, ако на тоа се гледало објективно, тие биле достојни за сожалување. На денот кога се одржувала сенатската седница Либон дошол без бранител, истоштен од страв и болка – а некои велат оти тој всушност се преправал дека е

[16] Puhan, op. cit., 85.

[17] Либон Друс бил правнук на Помпеј Велики (Gnaeus Pompeius Magnus / 106–48 год. пр.н.е.), а неговиот брат – истата година кога Либон бил обвинет – бил конзул во Рим.

болен и бил донесен на носилка до вратата на Куријата, по што влегол во неа потпирајќи се на неговиот брат:

> *Протегнал раце и упатувал молбени зборови кон [принцепсот] Тибериј, но овој го слушал тоа со скаменето лице. Потоа принцепсот ги читал списите со обвинението и [со] имињата на сведоците со толку воздржан глас, што се чинело дека ниту ги ублажува, ниту ги заострува обвиненијата... Сепак, обвинителот [Вибиј] приложил и еден спис со имиња на цезарите и на некои сенатори, со додадени белешки до нив, заканувачки и таинствени, напишани - според него - со раката на Либон. Бидејќи обвинетиот го одрекувал тоа, било одлучено на мачилиште да се испитаа робовите што го познавале неговиот ракопис. Но бидејќи, според една древна сенатска одлука, било забрането робовите да се изјаснуваат против својот господар, итриот Тибериј, пронаоѓачот на нови правни одредби, заповедал секој од нив [веднаш] да се продаде на службеникот на државната каса – секако, за да може [на овој начин да се изигра правото и] робовите да се испрашуваат против Либон, без притоа [формално] да биде повредена одлуката на Сенатот.*[18]

Поради овој развој на настаните, обвинетиот го искористил своето процесно право и побарал *одлагање* на судењето за следниот ден па, откако се вратил дома, му упатил последни молби на Принцепсот преку својот роднина П. Квиринij. Му било одговорено да се обрати до Сенатот, а во меѓувреме неговиот дом бил опколен со војници кои правеле огромна врева. Вечерта Либон организирал последна гозба на која, откако се опил, почнал да им довикува на војниците да го убијат и насилнички ги фаќал робовите за десницата и им давал меч во рацете за да го прободат. Тие, пак, престрашени од ваквото однесување на својот господар бегале од него и при тој метеж ја превртеле ламбата што била ставена на главната маса. Така Либон, во гробна темница, си забил два удара во слабините. Ослободениците притрчале на неговото јачкање и откако војниците се увериле дека тој е веќе мртов, се разотишле. И покрај ова, следниот ден судењето сепак продолжило во Сенатот со истата строгост. Тибериј, за да се оправда, се колнел дека каков и да бил исходот од спорот тој ќе барал да се поштеди животот на обвинетиот – иако бил виновен, да не избрзал самиот тој со доброволната смрт. По ова, имотот на Либон бил разделен меѓу обвинителите, а додворувачите побрзале со предлози од типот: „денот кога се самоубил Либон

[18] Cf. Tac., *Ann.*, II, 27–30; Такит, op. cit., 102–103.

да биде прогласен за празничен“, или „да се забрани ликот на Либон да се носи на погребот на неговите потомци“ и сл.[19]

б) Друг мошне специфичен судски случај на наводна **завера** против римската држава и против императорот Тибериј е оној кога синот Вибеј Серен, пред Сенатот, си го обвинил сопствениот татко, кој имал исто име, за наводно ковање заговорнички план за *пуч* и насилен воен удар насочен против тогашниот востановен поредок. Таткото-обвинет – кој уште поодамна, поради едно навредливо писмо, беше паднал во немилост на Принцепсот – бил довлечкан од егзил каде што престојувал веќе осум години и таков, сиот во валкани партали и окован во вериги, бил ставен наспроти синот-обвинител. Тогаш дрскиот младич, целиот накитен и со весело лице, истовремено зборувал и како потскажувач и како сведок – дека се спремала голема антидржавна завера и дека, во Галија (Galia), веќе се испратени провокатори и поттикнувачи на војна; додал уште и тоа дека бившиот конзул Сесилиј Корнут, не штедејќи средства, давал големи парични донации за тоа, но кога сфатил дека опасниот потфат може да му донесе гибел, не можејќи веќе да го поднесува стресот и секојдневните грижи – побрзал да умре и со своја рака си го одзел животот. Обвинетиот, претерано возбуден од лажните обвиненија и свртен кон синот, тресел со оковите и гласно негодувајќи ги повикувал боговите-одмаздници да го казнат неблагодарниот младич, а него да го вратат во прогонство каде ќе живее мирен и спокоен живот, далеку од секакви сплетки. Упорно тврдел и дека Корнут е невин, и прашувал како е можно тој да спремал убиство на принцепс само со еден содружник!?:

> *Тогаш [младиот и непресметлив] обвинител, за голем срам на Принцепсот, [ненадејно] ги именувал [и] Гн. Лентул и С. Туберон – кои биле првенци во државата и меѓу најблиските пријатели на Тибериј: Лентул во длабока старост, а Туберон со слабо здравје. Тие [дополнително] биле обвинети дека [наводно] поттикнувале непријателски бунтови и завера против државата, но веднаш биле ослободени од [овие несериозни и неиздржани] обвинувања. [По ова], против [првично] обвинетиот татко, на мачилиште биле испрашувани робовите, но истрагата завршила неповолно за синот-обвинител! Овој, пак, избезумен поради нанесениот злостор [и неправда кон татка си], а истовремено престрашен и од викотниците на насобраниот народ - кој [отворено] му се заканувал со подземна зандана, [со фрлање од] Торпејската карпа[20] и со [тешката]*

[19] Cf. Tac., *Ann.*, II, 30–32; Такит, op. cit., 103–104.

[20] Фрлањето во провалијата под озлогласената Торпејска карпа (*Rupes Tarpeia*, т.е. *Saxum Tarpeium*), која се наоѓала на северниот дел од светиот рид Капитол, недалеку од

> *казна за ‘таткоубиство’ (parricidium) - [побегнал и] го напуштил Рим. Но, [насила] бил довлечен од [градот] Равена и бил принуден да продолжи со обвинението [со цел да се доврши процесот]...*[21]

На крајот било предложено Серен-таткото да се казни според обичајот на претците (*mores maiores*) во вакви случаи, односно да биде шибан до смрт и потоа да му биде отсечена главата – но, Тибериј се спротивставил кон оваа драконска казна и побарал нејзино смекнување. Така, Гај Асиниј предложил осуденикот да се заточи на островот Гијар или Донуса – но, принцепсот и ова го одбил, изјавувајќи дека „на оној кому веќе му е допуштено да живее, треба да му биде овозможено и да си спечали средства за живот“. Па така, Серен бил повторно вратен на егејскиот остров Аморг.[22]

в) Трет мошне интересен судски случај кој се одвивал во времето на Тибериј, за наводен антидржавен **заговор**, е оној кој се водел помеѓу обајцата, тогаш сè уште актуелни, конзули – Трион и Регул. При крајот на нивниот мандат избувнала очигледна неслога меѓу колегите, која веќе долго тлеела и се зголемувала. Па така, конзулот Трион – кој лесно стекнувал користољубиви пријателства и кој, уште од претходно, бил извежбан како обвинител на Форумот – индиректно го нападнал својот колега Регул дека овој не е многу ревносен во гонењето и сотрувањето на служителите на озлогласениот Сејан – кој, пак, тогаш веќе паднал во немилост на принцепсот. По ова, вториот конзул Регул кој инаку бил скромен, доколку не е предизвикан, не само што го осуетил својот колега, туку повел и официјална истрага за него како за виновник во заговор! Иако ова било мошне невообичаено и многумина од сенаторите, за доброто на сите, ги молеле да престанат со меѓусебните непријателства, обвинувања, кавги и сплеткарења – оти тоа би можело да ја доведе државата до пропаст – сепак, тие си останале секој на своето и си се заканувале еден на друг, сè додека не го напуштиле конзулатот.[23]

---

Јупитеровиот храм, бил еден од старите церемонијални начини на изведување на смртната казна во Рим, предвиден уште во легендарниот *Закон на XII таблици*.

[21] Cf. Tac., *Ann.*, IV, 28–29; Такит, op. cit., 206–207.

[22] Cf. Tac., *Ann.*, IV, 30; Такит, op. cit., 207–208.

[23] Cf. Tac., *Ann.*, V, 11: „Exitu anni diu aucta discordia consulum erupit. nam Trio, facilis capessendis inimicitiis et foro exercitus, ut segnem Regulum ad opprimendos Seiani ministros oblique perstrinxerat: ille nisi lacesseretur modestiae retinens non modo rettudit collegam sed ut noxium coniurationis ad disquisitionem trahebat. multisque patrum orantibus ponerent odia in perniciem itura, mansere infensi ac minitantes donec magistratu abirent“. Такит, op. cit., 245.

г) Се знае и тоа дека во надлежност на овој мешовит магистратско-аристократски суд спаѓаа и мошне контроверзните процеси за **велепредавство** (*perduellio*) и *колаборација* со римските непријатели: така, во време на принцепсот Тибериј, некој си Карсидиј Сакердот бил оптужен дека наводно со жито го помагал римскиот непријател – Афричкиот бунтовник и нумидиски водач Такфаринат (Tacfarinas / ум. 24 год.). Но, потоа тој бил ослободен од обвинението поради недостиг на докази, слично како и Г. Гракх кој бил оптужен за истото кривично дело:

> *Нему, татко му Семпрониј, додека бил уште [детинест и] сосем млад го однел - како негов придружник - во неговото прогонство на островот Керкина. Тој таму и израснал, меѓу изгнаници и необразовани луѓе, а подоцна се издржувал со [трговија и] размена на проста стока низ Африка и Сицилија. Сепак, не ја избегнал опасноста поради својата висока положба, туку поради [ургенциите, залагањата] и заштитата која му ја пружиле Елиј Ламиј и Л. Апрониј, кои [тогаш] биле наместници во Африка. Во спротивно ќе бил уништен поради срамотилакот на неговиот род, како и од татковата несреќна судбина.*[24]

## *2. Сенатот како меѓународен суд – за заштита на сојузниците*

а) Римскиот Сенат во периодот на Републиката, а и подоцна во време на Принципатот, имаше значајни ако не и примарни ингеренции и при, условно речено, „меѓународните судења“ – бидејќи пресудувал во случаите кои се појавувале меѓу ***римските сојузници*** (*foedera*) или непријатели (*hostes*). Најчесто тоа било при меѓудинастичките **борби околу престолот** во околните вазални држави, каде што Римјаните ќе проценеа дека имаат интерес да фаворизираат или, пак, да потиснат одредена фракција која нив не им одговара.

Тука би ги вброиле и колективните **спорови со странски елемент**, каков што е, на пример, спорот кој – во време на принцепсот Тибериј – се појавил помеѓу *Лакедајмонците* и *Месенците,* околу тоа кој народ треба да ја има храмовската привилегија (*ius templi*) врз светилиштето на Дијана Лимнатида.[25] Пред Сенатот внимателно биле ислушани обете пратеништва и било пресудено во корист на Месенците чија аргументација била поубедлива:

[24] Cf. Tac., *Ann.*, IV, 13; Такит, op. cit., 197.

[25] Некои од странските храмови уживале посебни привилегии, наречени *ius templi*, кои се состоеле во тоа да можат самите автономно да си ги бираат свештениците и да имаат право да задржуваат за себе дел од оставените дарови, како и самостојно да располагаат со остварените приходи.

*[Први своето излагање го почнале членовите на делегацијата на] Лакедајмонците, [кои] тврделе дека, според историските записи и песните на поетите, Храмот [првично] бил посветен во нивната земја и од нивните претци, ама им бил насилно одземен од страна на Филип [Втори] Македонецот, со когошто тие војувале. Но, подоцна - по предлог на Цезар и Антониј - тој им бил вратен... [По ова започнало побивањето од страна на Месенците]. Спротивно на Лакедајмонците, Месенците тврделе дека [...] Денталиското Поле, на коешто се наоѓа храмот, првично му припаѓало на нивниот крал, за што имало и дамнешен натпис исклесан во камен и врежан на бронза! ... [Конечно, во своја полза го] навеле и тоа дека така пресудиле граѓаните на Милет, кои од државата биле одредени за судии; а најпосле имало и [веќе постоечка] пресуда [донесена] од самиот [римски] претор на Ахаја – Атидиј Гемин.*[26]

Сличен бил случајот кога дури единаесет градови од Азија, со подеднаква желба но различни по сила, се натпреварувале и меѓусебно спореле околу тоа каде да биде изграден храмот во чест на принцепсот Тибериј. Самиот принцепс често присуствувал на овие сенатски седници и во текот на неколкуте денови, во кои се воделе жестоки расправи, со внимание ги слушал *пратеништвата* од градовите Хипајпена, Тралијан, Лаодикена, Магнесија, Илиј, Халикарнас, Пергам, Ефес, Милет, Сард и Смирна. Овие последниве се чинеле најубедливи, па изложувајќи ја својата аргументација пред Сенатот, прво ја спомнале својата древност, но набргу преминале на она во што имале најмногу верба – а тоа биле услугите кои низ историјата му ги имале направено на римскиот народ:

*Зборувале за тоа како [на Римјаните] им испратиле голем број кораби кои ги издржале не само војните кои биле водени надвор, туку и оние што тие ги воделе во Италија [мислејќи притоа на Сојузничката војна (90–87 год. пр.н.е.); потоа споменале] дека тие биле првите што му изградиле храм на градот Рим уште за време на конзулството на М. Поркиј кога римската држава, иако била голема, сепак не се извишила до врвот оти сѐ уште постоел градот на Пуните [Картагина] и моќните кралеви низ Азија. Истовремено за сведок го повикувале Л. Сула, чијашто војска се нашла во многу тешка неволја, поради острата зима и недостигот на облека, па кога тоа било соопштено пред народот во [градот] Смирна, сите присутни веднаш ја симнале својата облека од себе и им ја испратиле на римските легии.*

[26] Cf. Tac., *Ann.*, IV, 43; Такит, op. cit., 217–218.

> *[После ова излагање] сенаторите, запрашани за мислење, им дале предност на Смирјаните... по што, со жрепка, бил испратен бившиот претор Валериј Насон [да ја преземе грижата околу изградбата на овој храм].*[27]

б) во својата јурисдикција Сенатот имаше право да ги наградува или казнува и туѓите монарси, т.е. ***странските кралеви*** или племенски водачи кои, најчесто со римско посредство, биле назначувани во соседните држави како своевидни марионетски владари.[28] Така, на пример, од Тацит дознаваме за една ваква реваншистичка епизода поврзана со **кралот Архелај** кој педесетина години владеел со Кападокија. Принцепсот Тибериј му бил лут што овој не му обрнал некое поголемо внимание додека тој боравел на островот Родос, па откако станал император, со *писмо* од мајка си – која не криела дека син ѝ е навреден – му понудила прошка на Архелај ако овој дојде и го замоли за тоа:

> *Архелај, не знаејќи дека се работи за измама или, пак, плашејќи се од насилство [врз него] ако се поверува оти сфатил за што се работи, бргу заминал за Рим. Од [страна на] Принцепсот бил примен нељубезно, а во Сенатот бил обвинет не поради гревовите [што биле измислени], туку од скрб [и пакост]. Истоштен од староста, но и поради тоа што за кралевите не се вообичаени ниту справедливи, а камоли најдолни обвиненија, починал доброволно или, пак, таква му била судбината. Неговото кралство било претворено во провинција, а принцепсот објавил дека од приходите кои би се добивале од оваа провинција може да се намали данокот за еден процент, иако подоцна одлучил тоа да биде за 0,5%.*[29]

Во речиси исто време се случило и сенатското судење на тракискиот **крал Рескупорис**, братот на покојниот претходен крал Реметалк, кој заповедал да биде убиен неговиот внук од брат Котис, а лажел дека наводно се самоубил. Тацит нѝ раскажува дека стариот римски воин Помпониј Флак, кој бил назначен за пропретор над Мезија и кој негувал блиски пријателски врски со Рескупорис, бил одбран да го *намами* кралот на Тракија да дојде на римска почва:

> *Од тој момент, под привид на почест, кралот бил опкружен со силна [римска] чета; центурионите и трибуните потоа го уверувале и го убедувале, а тој колку подолго се повлекувал, му станувало сè појасно дека е под стража [и присмотра]. На крај,*

[27] Cf. Tac., *Ann.*, IV, 55–56; Такит, op. cit., 225–227.
[28] *De L'éspirit*, II, 11, 18; Monteskje, op. cit., (Tom I), 197–198.
[29] Cf. Tac., *Ann.*, II, 42; Такит, op. cit., 111.

*кога сфатил сè [веќе било доцна и] го одвлекле во Рим [да му се суди]. Таму, во Сенатот, бил обвинет од страна на сопругата на [убиениот] Котис*[30] *и бил осуден на заточеништво далеку од неговото кралство. Тракија потоа била поделена меѓу неговиот син Ројметалкес, за кого се знаело дека се противел на татковите намери, и [меѓу] синовите на Котис. Ама бидејќи тие биле сè уште мали, вршителот на должноста претор – Требелен Руф, бил назначен во меѓувреме да управува со Кралството, според примерот на нашите претци кои го испратиле во Египет Марк Лепид како старател над децата на Птоломеј. Рескупорис [потоа] бил доведен во Александрија; таму, оти размислувал за бегство или поради [некоја друга] измислена вина – бил убиен.*[31]

в) Но, покрај странските кралеви имаше ситуации кога и цели ***народи*** или **покорени племиња** беа обвинувани пред Сенатот, од име на римската држава. Така на пример, за време на принцепсот Тибериј, беа обвинети Цизицените/Кисикјаните (Cyzicenis) поради *небрежност кон култот* на божествениот Август; а уште им се придодало и обвинение за *насилно однесување* кон римски граѓани. Откако биле колективно осудени, тие ја изгубиле слободата што ја заслужиле во војната со Митридат, кога застанале на страната на Рим и кога – иако биле опсадени од непријателот – го разбиле понтскиот крал колку со својата издржливост, толку и со поткрепата на Лукул.[32]

Постојат историски записи дека во истото ова време **провинцијата** Onострана Хиспанија (*Hispania ulterior*) испатила една делегација свои пратеници во римскиот Сенат со *молба*, по примерот на Азија, и нејзе да ѝ се дозволи да изгради храм на принцепсот Тибериј и на неговата мајка Августа. Во оваа прилика принцепсот, кој бил одлучен во презирањето почести, проценил дека сега е моментот да поентира преку еден одржан *говор* во Сенатот (*orationes principis*) со кој јавно, преку збор и дело, ќе им одговори на сите оние кои неправедно го озборувале дека, со текот на годините, тој попуштил на суетата и славата – па почнал вака да зборува:[33]

[30] Таа била ќерка на Полемон и на кралицата Питодорис.

[31] Cf. Tac., *Ann.*, II, 64–67; Такит, op. cit., 127–128.

[32] Cf. Tac., *Ann.*, IV, 36; Такит, op. cit., 212.

[33] Cf. Tac., *Ann.*, IV, 37–38: „Scio, patres conscripti, constantiam meam a plerisque desideratam quod Asiae civitatibus nuper idem istud petentibus non sim adversatus. ergo et prioris silentii defensionem et quid in futurum statuerim simul aperiam. cum divus Augustus sibi atque urbi Romae templum apud Pergamum sisti non prohibuisset, qui omnia facta dictaque eius vice legis observem, placitum iam exemplum promptius secutus sum quia cultui meo veneratio senatus adiungebatur. ceterum ut semel recepisse veniam habuerit, ita per omnis

*Сенатори, знам јас дека [барателите] ја посакуваат мојата доследност, бидејќи кога државите на Азија неодамна ова истото го измолија, јас [на тоа] не се спротивставив. Значи, сега истовремено причините ќе ви ги откријам за молчењето преѓашно, како и тоа што за во иднина сум одлучил [да правам. Имено,] кога божествениот Август не се спротивстави да се подигне храм во Пергам – [посветен] нему и на градот Рим, а [нели] јас сите негови дела и зборови ги сметам небаре се закон, го следев поспремно овој добар пример, оти со мојот култ се врзува и почитта кон Сенатот. Впрочем, како што еднаш ми било допуштено да прифатам прошка, така би било суета и надменост - под ликот на божества низ сите провинции - да ми се искажува [божемна] почит. [Така и] почеста кон Август ќе исчезне, ако [таа] се дава секому поради додворување! Јас, сенатори, сум смртник и за мене е [сосем] доволно што вршам должност како смртен човек, ако [притоа успешно] ја исполнам задачата на принцепс; вие сте ми сведоци на ова, а сакам и потомците да се сеќаваат. Доволно, [та дури] и отповеќе ќе доделат на споменот за мене ако веруваат дека сум [бил] достоен за моите претци, дека сум се грижел за интересите ваши, дека сум бил истраен во опасностите и не сум бил страшливец пред непријателот, кога се работело за општото добро [на државата]. [Ете] тоа мене нека ми бидат храмови во вашите срца, тоа нека ми бидат најубави кипови, кои ќе останат [за вечни времиња]. Оти оние кои од камен се прават, ако мислењето на потомците се престори во омраза, тие се презираат како гробови. Затоа [сега] ги молам [и] сојузниците, [и] граѓаните, [а] и самите богови – тие да ми дадат, сè до крајот, спокоен живот и [непоматен] ум, што ги сфаќа човечките и божески права, а оние - кога ќе умрам - нека*

provincias effgie numinum sacrari ambitiosum, superbum; et vanescet Augusti honor si promiscis adulationibus vulgatur. Ego me, patres conscripti, mortalem esse et hominum officia fungi satisque habere si locum principem impleam et vos testor et meminisse posteros volo; qui satis superque memoriae meae tribuent, ut maioribus meis dignum, rerum vestrarum providum, constantem in periculis, offensionum pro utilitate publica non pavidum credant. haec mihi in animis vestris templa, hae pulcherrimae effigies et mansurae. nam quae saxo struuntur, si iudicium posterorum in odium vertit, pro sepulchris spernuntur. proinde socios civis et deos ipsos precor, hos ut mihi ad finem usque vitae quietam et intellegentem humani divinique iuris mentem duint, illos ut, quandoque concessero, cum laude et bonis recordationibus facta atque famam nominis mei prosequantur“.

*ги опсипуваат со фалби и [со] добар спомен моите дела и нека го слават името мое.*[34]

Тибериј и потоа опстојал на овој став, та дури и во тајните и приватни разговори со неговите советници и пријатели продолжил да одбива таков *култ* кон својата личност. Некои ова го толкувале како скромност, многумина како малодушност и немање самодоверба, а трети пак како духовна изопаченост и отсуство на потребната царска величина. Но, како што заклучува Тацит „другите луѓе донесуваат одлуки ако сметаат дека тоа така им одговара, а судбината на принцепсите е поинаква – оти тие, кога станува збор за многу важни прашања, треба да водат сметка и за мислењето на јавноста“.[35]

### ***Р е з и м е***

Сенатот во периодот на римската Република, посебно во времето на Пунските војни (средината на II и I век пр.н.е.), е најдоминантниот државен орган и најважниот фактор во римскиот уставен поредок. Неговите ингеренции не се засноваа на некакви пишани законски норми, туку главно на древните обичаи, како и на реалните политички констелации во дадениот историски момент – па затоа, кон крајот на Републиката, позицијата на овој орган беше поприлично разнишана и деградирана, а тој станува инструмент за остварување на целите на моќните политички фигури и властољубци – пр. Сула, Цезар, Август. **Сенаторите** во времето на Принципатот веќе не беа оној благороден римски сталеж како што се претставуваа некогаш, затоа што од времето на Цезар и на Август многумина жители на муниципиите, колониите и провинциите кои немаа римско потекло се стекнаа со граѓанско право, со што им се отвори патот за стекнување почести кои дотогаш беа резервирани исклучиво за Римјаните, како и можноста за прием и непречен влез во Сенатот.[36] Впрочем, во Принципатот се оствари најголемиот страв на Римјаните од времето на Републиката, а тоа е – што ако некој се обиде да ја злоупотреби власта? Да биде иронијата поголема, самиот принцепс – било тој да беше добар, лош, способен или неспособен – беше најмалку крив за сево ова! Впрочем, токму сенаторите беа тие што, иако de iure не мораа, сепак de facto брзаа да изберат нов Принцепс

[34] Такит, op. cit., 213.
[35] Tac., *Ann.*, IV, 40; Такит, op. cit., 214–215.
[36] Cf. Tac., *Ann.*, III, 55.

на местото на стариот, а народот со интерес ја набљудуваше и само ја набљудуваше целата оваа претстава.[37]

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


**Класични дела**

Tacitus, P. Cornelii. *Annales*.

Tacit, Kornelije. *Anali* (preveo: L. Crepajac). Beograd: 1970.

Светониј, Гај Транквил. *Дванаесетте римски цареви*. (Превод од латински и белешки: Весна Димовска - Јањатова и Војислав Саракински). Библиотека „Меридијани“. Скопје: Култура, 2001.

*Дванаесетте римски цезари*. (Превод од латински: Виолета Костеска - Петреска). Библиотека „Воскреснати богови“. Скопје: Ѓурѓа, 2013.

Такит, Публиј Корнелиј. *Германија + Агрикола*. (Превод, предговор и белешки: Весна Димовска – Јањатова и Војислав Чанчаревиќ). Библиотека „Класика“. Скопје: Култура, 1999.

*Анали* (Превод од латински и поговор: Љубинка Басотова; Предговор: Војислав Саракински). Библиотека „Сфинга“. Скопје: Три, 2005.

Тацит, Корнелије. *Анали*. (Коло LXIII, књига 422). Београд: Српска књижевна задруга, 1970.

**Книги**

Monteskje, [Šarl-Luj]. *O duhu zakona – Tom I*. Preveo i prilozima opremio: Aljoša Mimica. Predgovor: Aljoša Mimica i Veljko Vujačić. (Edicija „Libertas“). Beograd: Zavod za izdavačku delatnost „Filip Višnjič“, 1989.

*O duhu zakona – Tom II*. Aljoša Mimica - Prev. (Edicija „Libertas“). Beograd: ZID „Filip Višnjič“, 1989.

*Razmatranja o uzrocima veličine Rimljana i njihove propasti*. Prevod s francuskog: Srđan Pavlović. (Edicija „Filozofija“). Beograd: Utopija, 2004.

Puhan, Ivo. *Krivični postupak u Rimskom pravu* (separat iz knjige „Građanski postupak u rimskom pravu“). Beograd: Naučna knjiga, 1955.


[37] Саракински, Предговор на македонскиот превод на Тацитовите *Анали*, Скопје, Три, 2005, 20.

**Специјализирани енциклопедии**

Berger, Adolf. *Encyclopaedic Dictionary of Roman Law.* New Series, Vol. 43, Part 2. Philadelphia: The American Philosophical Society (+ DIANE Publishing), 1953 [Reprinted 1980 and 1991].

Bujuklić, Žika. *Forum Romanum – Rimska država, pravo, religija i mitologija*. [Prvo izdanje], (Biblioteka „Priručnici"). Beograd: Centar za publikacija Pravnog fakulteta u Beogradu & Dosije, 2005 [Drugo izmenjeno i dopunjeno izdanje - 2006].